Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 146. Дата: 08. 10. 2012.

# Ник Вуичич-Божјо чудо



Дали сте чуле за Ник Вуичич? Овој австралијанец со српско потекло, најчесто е претставуван како мотивационен говорник, кој на луѓето им влева надеж и желба за живот. Досега има посетено околу 45 земји и зборувал пред повеќе од 5 милиони луѓе.

Пред само неколку дена, најголемите сали во Белград и во Нови Сад беа преплавени од луѓе кои дојдоа да го слушнат Ник Вуичич. Над 35 000 луѓе го следеа неговиот говор, преку интернет. Националните медиуми (весници и телевизија) пишуваа за него.

Но, што има толку посебно кај овој човек? Зошто неговите говори и неговата животна приказна допираат подлабоко во срцата на луѓето, отколку кај многу други говорници?

Можеби тајната е во тоа што овој човек зрачи со радост, оптимизам и надеж, иако е **без раце и нозе.** Да, токму така. Но, дури и во таква состојба, тој покажува невидена упорност и спремност да се радува на животот што Бог му го дал. Неговото мото е:„ претвори ги пречките во можности“. Со таа упорност, тој завршил факултет, има напишано неколку книги, води добротворна фондација, патува низ многу земји и држи говори, се бори и залага за човечките права и е инспирација на милиони луѓе.



Па дури и по прашање на физичките активности, тој е вистинско чудо: самиот се храни, се облекува, чешла, мие заби, се тушира… вози скејтборд, сурфа на даска, игра фудбал, јава на коњ, плива, свири на гитара, пишува на компјутер…и многу други, секојдневни активности.

Денес, благодарение на неговите говори, многу луѓе се охрабрени да постигнат повеќе. Други пак, осознаваат дека нивниот живот е вреден за живеење, дури и со нивните недостатоци. Трети, разбираат дека за да бидеш среќен и задоволен, не мора да имаш сé.

Еднаш, додека зборувал пред 300 тинејџери, една девојка почнала да плаче и изразила желба да го прегрне. Тогаш му заблагодарила за говорот и рекла: „никој досега не ми рекол дека сум сакана и дека сум убава, таква каква што сум“.

Нук Вуичич е роден на 4-ти декември, 1982, во Австралија, **без раце и нозе**. Неговите родители, по потекло од Србија, биле христијани со силна вера во Бог. Тие се прашувале зошто Бог дозволил нивното дете да се роди без екстремитети, но имале уверување дека Бог сепак има план за него и тоа им давало надеж и љубов, за нивниот син.

Ник раскажува дека кога бил мал, децата во училиштето се подигрувале со него. Го сметале за чудовиште или вонземјанин. Кога имал десет години, сакал да се самоубие, но благодарен е на Бог што не успеал во намерата. На 15 години Ник ја наоѓа својата утеха во Бог; Го прифаќа Исус Христос како свој Господ и Спасител, станува верник и започнува еден променет живот, полн со надеж. Денес, скоро на ниеден свој говор Ник не пропушта да каже дека неговата надеж ја ноаѓа во Исус и во Библијата. Тој знае дека Бог за него има план во животот и секој ден му благодари за животот исполнет со радост и љубов.

Во Февруари 2012, Ник се ожени со прекрасната Канае од Хаваите и веќе очекуваат син.

(Можете да го погледнете и документарниот филм за Ник Вуичич, со српски превод, кој е истакнат на “YouTube”, под наслов “Nick Vujicic - Život bez ruku i nogu“ )
http://www.youtube.com/watch?v=GS5QihhshDQ

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com